ФИЛХАРМОНИЈА

БРОЈ 2

ДЕКЕМВРИ 2019/
ФЕВРУАРИ 2020

МАГАЗИН ЗА КЛАСИЧНА
МУЗИКА И УМЕТНОСТ

www.filharmonija.mk

ЗАМИСЛИ ЖЕЛБА

САБОТА 21.12.2019 **ПРОГРАМА**

НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ ЗА ДЕЦА

„... Твојата љубов во ист здив ме прави најсреќен и најнесреќен човек... Сакај ме... денеска и вчера...“ - Л. В. Бетовен

ЛУДВИГ ВАН 250 БЕТОВЕН

НОВА ВИЗИЈА

„Јаношка стил“ е музички удар од среќа. Вака медиумите го опишуваат ансамблот „Јаношка“ кој изгради препознатлив музички стил што преставува фузија на класичната музика со други жанрови кои, генерално, ѝ се повеќе познати на пошироката публика

„Јаношка стил“ е нова музичка визија во класичната музика. Во исто време тоа е и наслов на златното истоимено це-де кое го издаде „Дојче грамофон“, кој стана специфичен и препознатлив бренд на ансамблот „Јаношка“. Но, пред сè, „јаношка стил“ е музички удар од среќа. Вака медиумите го опишуваат ансамблот „Јаношка“ кој изгради препознатлив музички стил што преставува фузија на класичната музика со други жанрови кои, генерално, ѝ се повеќе познати на пошироката публика. Нивните аранжмани обединуваат контрастни музички универзуми и имаат еднакво различни фанови. Уникатноста на „Јаношка“ е токму во оваа фузија од жанрови надополнета со супериорната техника и уметнички перформанс на четворицата музичари.

Музиката која ја создаваат тројцата браќа од Братислава – **Ондреј, Франтишек** и **Роман Јаношка** и нивниот роднина **Џулиус Дарвас** претставува колоритен контраст на нивната класична наобразба со музиката од другите жанрови – од џез и латино до поп-музика. Крајниот резултат не е само микс од стилови, туку креативна синтеза – препознатливиот „Јаношка стил“. Овој ансамбл е во постојана игра со музичките познавања на публиката, слободно комуницира со класичните теми кои потоа ги транспонира во различни музички дисциплини, без да ја наруши уникатноста на стилот. Во нивната музика не постојат матрици, специјални формули, ансамблот „Јаношка“ спонтано креира имагинатина музика. Неговиот стил не е само звук, тоа е „музика која живее“, која треба да се чуе и да се почувствува во живо.

– Сакаме нашата музика да ја придвижи публиката, да ја допре на посебен начин. Тоа е нашата цел – вели Франтишек Јаношка, пијанистот кој има совршена контрола над секој отсвирен тон. Заедно со неговиот брат Роман Јаношка на виолина, кој креира експлозивни џез-импровизации. Најмладиот од нив, **Одреј Јаношка**, ја објаснува нивната интеракција на следниов начин: „Секој од нас има сопствени музички интереси, преференции, омилени жанрови и стилови. Си даваме свој простор, и заедно креираме музика во препознатливиот Јаношка стил“, вели Одреј Јаношка.

Четворицата музичари го исполнуваат музичкиот простор со спонтана креативност, а нивните композиции звучат свежо на секој нивни концерт. Со својата виолина Одреј Јаношка е во постојан виртуозен дуел со својот брат Роман. Доколку музичкото парче е помеланхолично, двете виолини тогаш заедно креираат еден глас, звучат како еден инструмент.

– Уште кога бевме деца, свиревме секој ден, најчесто заедно. Толку сме блиски музички што секогаш може да почувствуваме што сакаме да отсвириме – вели Роман Јаношка.

Тројцата браќа свират заедно со контрабасистот Џулиус Дарвас, кој исто како и нив има класична музичка наобразба.

– Сакаме да ја вратиме импровизацијата во класичната музика која е изгубена во последните неколку века – вели тој.

Музичарите од ансамблот „Јаношка“ свират на сите континенти и постојано имаат нови проекти. Сите што биле на нивните концерти си заминуваат од концертната сала инспирирани, полни со енергија и насмевка на своето лице.

ПИТЕР МУР

ЗА УБАВОТО

„Има уште многу нешта што сакам да ги направам. Сепак, гледајќи наназад, се чувствувам привилегирано и смирено за можностите што ми се дадоа“, вели врвниот тромбонист **Питер Мур**, уметникот кој на само 12 години, во 2008 година, стана најмладиот победник на натпреварот за млади музички уметници на Би-Би-Си. На 18 години, пак, Мур беше назначен за ко-главен тромбонист на престижниот Лондонски симфониски оркестар.

„Мојот стил во минатото беше да ги земам работите во мои раце и да не размислувам за далечната иднина. Кога ќе погледнам наназад, сум имал среќа да бидам дел од толку многу прекрасни музички искуства“.
Питер Мур (1996) е роден во Ирска и таму го почнал музичкото образование, а продолжил во Англија на студии за напредна програма на Кралската академија за музика. Едни од неговите последни ангажмани се соло дебијата со Симфонијата на Луцерн, со Филхармонија на Тајланд и симфониските оркестри на Би-Би-Си, рецитали во „Барбикан“ и „Вигмор хол“, во Австралија и во Нов Зеланд, како солист со Националниот оркестар на Би-Би-Си во Велс, со Брајтон филхармонија, на Европскиот фестивал за тромбони во Ротердам...

Питер Мур е пасиониран музичар, посветен на инструментот што го свири до степен постојано да ги испитува неговите технички можности. Вели дека не чувствува посебен притисок по добивањето на наградата на Би-Би-Си, дека публиката ќе очекува постојано нешто добро од сите негови настапи. Едноставно, вели тој, продолжува да ужива во она што го работи и така, за него, нештата стануваат поедноставни.

Функцијата што ја извршува во ЛСО во моментот е негова главна преокупација. „Тоа е идеална ситуација, бидејќи ги имам сите придобивки и искуства од работата во еден од најголемите оркестри на планетата, а сепак не сум врзан за него цело време. И токму ова ми дава можност да ја продолжам мојата соло-кариера, за која имам особена страст. Во ЛСО, инаку, не постои типичен ден или недела за концерти и за проби. На пример, можеме да имаме симфонија на Малер што треба да ја изведеме следниот ден, или по утринската проба оркестарот снима шест часа филмска музика. Исто така, имаме неколку фантастични турнеи низ целиот свет. ЛСО реализира околу шеесет концерти надвор од земјата секоја година. Така што агендата може да биде многу исполнета ако на тоа додадете и хонорарни ангажмани, може да биде бурно и напорно особено во Лондон. Затоа, се трудам да се одморам, така што се обидувам да ги подобрам моите резултати во голф, иако сум безнадежен (ха, ха, ха)“.

За Питер Мур музиката е бескрајно поле за истражување. Вели дека никогаш не треба еден музички уметник да престане да ги слуша другите музичари, да биде присутен на нивните концерти. „Редовно одам на концерти и слушам пејачи, виолончелисти, џез-музичари... Така ја прошируваме сопствената музикалност и ја развиваме имагинацијата... Зборуваме дека сме уметници, и затоа треба постојано да се навраќаме на чувството за убавото“.

На сите оние што свират на лимен дувачки инструмент, Питер Мур им порачува: „Придружете се во лимен дувачки ансамбл. Таму ќе ги научите сите вештини. И бидете отворени, бидејќи можете од секоја ситуација, исто така, да научите нешто“.

Inspired by Alasair Kay (Al Kay), Denson Paul Pollard & Peter Moore Painting nr 793. Oil on canvas. 50 x 61 cm.

Фантастичниот тромбонист Питер Мур на само 12 години стана најмладиот победник на натпреварот за млади музички уметници на Би-Би-Си



Оркестрите во целиот свет се прашуваат како да донесат нова публика во концертните сали, а од друга страна, како никогаш досега луѓето многу повеќе слушаат оркестарски звук секој ден – во филмовите, видеоигрите, на телевизија

ТИМОТИ РЕДМОНД:

ОРКЕСТАРОТ

Е ДЕЛ ОД ГРАДОТ

ЧЕТВРТОК 23.01.2020 **ПРОГРАМА**

Р. Вагнер / арр. Хенк де Флигер: „Прстен“ оркестарска авантура* | * Премиерна изведба

Тимоти Редмонд ѝ е стар пријател на Филхармонијата. Под неговата диригентска палка прозвучиле многу концерти со нашиот оркестар. Редмод е британски диригент кој активно работи и настапува со оркестри во Европа и во САД. Работел со речиси сите оркестри во Велика Британија – „Би-Би-Си симфони“, Шкотската филхармонија, „Симфонија Бритн“, Кралскиот филхармониски оркестар во Ливерпул, „Симфонија вива“... Исто така, има долгогодишна соработка со „Манчестер камерата“. За време на студиите земал часови кај Џорџ Хрст, Илја Мусин, како и кај познатиот композитор и диригент Пјер Булез... Им бил асистенет на познати диригенти како што се Елгар Хауварт, Валери Гергиев и сер Колин Дејвис...

Која е најважната карактеристика која треба да ја поседува еден диригент?

– Најважно е да го дели својот ентузијазам за музиката, да го натера оркестарот вистина да сака да свири, а публиката навистина да сака да слуша. Тоа, според мене, е најважната карактеристика која треба да ја поседува секој диригент.

Повеќе пати досега сте диригирале со нашиот оркестар. По што се разликува нашиот оркестар од другите со кои сте работеле досега?

– Обожавам да работам со вашиот оркестар – има толку многу добри музичари! Ми се допаѓа тоа што Оркестарот е дел од градот. Луѓето често ме запираат на улица за да ми кажат дека уживале во концертот. Тоа е нешто што не се случува секаде. Интересно е да се чуе како Оркестарот се развил откако се преселил во новата концертна сала. Македонија треба да се гордее што има таков оркестар.

Класичната музика, генерално, се соочува со криза, а оркестрите се во постојана битка за публика. Како може публиката да се привлече да доаѓа на концерти на класична музика?

– Оркестрите во целиот свет се прашуваат како да донесат нова публика во концертните сали, а од друга страна, како никогаш досега луѓето многу повеќе слушаат оркестарски звук секој ден – во филмовите, видеоигрите, на телевизија. Главен предизвик, според мене, е да се најде вистинскиот начин да се убедат луѓето дека тој убав звук што го сакаат звучи уште поубаво кога се слуша како се креира во живо.

Отсекогаш бев љубопитен кога станува збор за музиката на Брамс. Неговите дела за соло-пијано звучат како оркестар, затоа ја сакам неговата музика.

БЕРИ ДАГЛАС

ГО СЛУШАМ СВОЈОТ ГЛАС

Брамс бил вистински мајстор и успеал да му даде оркестарска боја на пијаното

Бери Даглас е ирски пијанист кој својата богата меѓународна кариера ја започнува во 1986 година кога добива „Златен медал“ на Интернационалниот натпревар за пијано „Чајковски“ во Русија. Важи за оригинален пијанист со препознатлива лирика во изразот и автентичен пијанистички сензибилитет. Критичарите го нарекуваат „титан на пијаното“.

Бери Даглас како солист настапува со врвни светски оркестри, а во последниве неколку години како уметнички директор на Камерата Ирска имаше турнеи во Аргентина, Бразил, Австралија, Полска, Русија, САД, Британија, Италија, Јапонија...

Освен со светските оркестри, Даглас настапува и како камерен музичар – свирел во Рojал Алберт хол, Вигмор хол, Барбикан... Ексклузивен уметник е на издавачката куќа „Чандос“ за која неодамна сними шест албуми со сите соло-дела за пијано од Јоханес Брамс.

Ве сметаат за пијанист кој има препознатлив стил на изведба. Како го наоѓате Вашиот индивидуален глас во музиката која ја изведувате?

– Го наоѓам низ различни влијанија и инспирации од различни луѓе, ситуации, од опкружувањето, од светот околу мене. Може да биде оперска изведба, убав пејзаж, во суштина тоа е индивидуална, лична реакција на многу работи заедно што го обликуваат начинот на кој ја доживувам музиката.

Неодамна ги снимивте сите дела за соло-пијано од Јоханес Брамс. Со што Ве привлече Брамсовата музика?

– Отсекогаш бев љубопитен кога станува збор за музиката на Брамс. Уште како помлад ги свирев неговите концерти и делата за соло-пијано. Тоа што ми се допаѓа кај него е начинот на кој го третира пијаното – кога пишувал за пијано, размислувал како за оркестар. Неговите дела за соло пијано звучат како оркестар, затоа ја сакам неговата музика. Брамс бил вистински мајстор и успеал да му даде оркестарска боја на пијаното.

Денес има толку многу добри млади пијанисти на светската музичка сцена, но навистина е тешко да се издвои некој со поинаков пристап, некој што има индивидуален стил по кој е препознатлив. Што мислите, на што се должи тоа?

– Живееме во време во кое сè е достапно со еден клик. Интернетот колку што е предност, толку е и недостаток. Најважно за еден уметник е да се слуша себеси и својот внатрешен глас. Само така може да се најде себеси за уметник.

„Прстенот на Нибелунзите“ од Рихард Вагнер не е само најамбициозно, туку и едно од најимагинативните музичко-сценски дела во историјата на музиката. Тоа е приказна за љубов и романса, страст, моќ, интриги, храброст и саможртување. Во исто време, ова дело е приказна за балансот меѓу природата и катастрофите, кој доколку се наруши, може да се случи вистинска катаклизма. Во тој контекст, „Прстенот...“ може да се дефинира како своевиден „протестен театар“, или „опера за животната средина“. Приказната раскажана во „Прстенот“ е многу повеќе музичка отколку наративна. Таа поседува неверојатна музичка драма која го прави ова дело интересно за нова генерација слушатели.



ВОЗБУДЛИВА АВАНТУРА

„Прстенот на Нибелунзите“ од Рихард Вагнер е приказна за балансот меѓу природата и катастрофите, кој доколку се наруши, може да се случи вистинска катаклизма

Специфична карактеристика на музичкиот стил во ова дело е техниката која ја развива Вагнер преку иновативниот принцип на лајтмотиви – кратки музички фрази кои музички отсликуваат личност, објект или идеја. Овие лајтмотиви играат значајна улога во „Прстенот“ во океанот од звуци и форми што го надополнуваат драмскиот развој на делото.

Оркестарот игра голема улога во ова дело. Во контекст на концептот што се практикувал во 19 век, оркестарот е вистина голем и масивен, посебно кога станува збор за лимените и дрвените дувачи. Во „Прстенот“, Вагнер ставил осум хорни, бас труба и контрабас тромбон... Со цел да се приближи музиката од овој музичко-сценски циклус до пошироката публика, се направени оркестарски аранжмани од современиците на Вагнер. Во овие аранжмани оркестарот има главна улога, нема големи интервенции во музичкиот дело, а резултатот е толку убедлив што воопшто не се забележува дека станува збор за аранжмани.

Еден од поновите аранжмани е на Хенк де Флигер, перкусионист во Филхармонијата на Радио Холандија... Токму овој аранжман на „Прстенот“ ќе го чуеме на концертот насловен „Ѕвездена музика“ кој ќе се одржи 23 јануари 2020година...

Флигер ги селектира најзначајните оркестарски делови од циклусот, први своевидна компилација, едно музичко дело од четирите дела на „Прстенот...“ – „Рајнско злато“, „Валкири“, „Зигфрид“ и „Самрак на боговите“... Креиера своевидна симфониска поема, ги врзува различните музички парчиња во автентична и оригинална кохерентност. Диригентот Едо де Варт го нарече неговиот аранжман на ова ремек дело – „Оркестарска авантура“. Точно тоа е вистинскиот опис на неговата оркестарска компилација – „Прстенот...“ на Вагнер, четири опери, компресирани во музички спектакл кој претставува предизвик за оркестарот и уникатно музичко искуство за слушателот.

„Прстенот оркестарска авантура“ беше нарачан од Филхармонискиот оркестар на Радио Холандија за концертната турнеја во Германија во февруари 1992 година и му е посветен на шеф-диригентот Едо де Ваарт.

Александар Прокопиев за Филхармонија:

Кога ќе прашам некој од моите пријатели, кои во суштина, поголемиот дел од нив, не одат на концерти на класична музика, сите велат дека новиот дом на Филхармонија е еден од најубавите објекти во т.н. ново Скопје. Можеби, најубава не е најсоодветен збор, ако ме прашате мене, за мене тоа е единствена зграда, објект во градот кој остава впечаток на нешто што е култура, Европа, на поинаков однос друг однос кон се'. Филхармонија има одличен концертен простор, оркестар кој одлично звучи, фантастични солисти и диригенти, но и самата институција, одвнатре, работи на најсовремен начин. Во тој контекст би сакал да го споменам њуслетерот – Магазинот за класична музика кој започна да се издава од неодамна. Издавањето на овој тип на информативни печатени материјали е практика на сите филхармониски оркестари во светот. Ниту една институција од културата кај нас нема ваква практика. Одлично е конципиран и читателски е податлив, има многу корисни и едукативни информации наменети за пошироката публика.

ФРОСИНА БОГДАНОСКА

ИМАГИНАЦИЈА

Веќе подолго време живеам и работам во странство и затоа домашната сцена многу ми значи и ја почитувам. Ми претставува огромна чест и задоволство што сум солист со Филхармонијата

ЧЕТВРТОК 05.12.2019 **ПРОГРАМА**

С. Прокофјев: Концерт за виолина и оркестар бр.1, оп. 19
Д. Шостакович: Симфонија бр. 9, оп. 70

Концертот за виолина и оркестар бр. 1 од рускиот музички волшебник Сергеј Прокофјев ќе прозвучи на настанот „Мистична деветка“ во изведба на една од најдобрите македонски виолинистки од поновата генерација – Фросина Богданоска. Диригент на концертот е маестралниот Конрад ван Алфен од Холандија, а оваа вечер ќе биде изведена и Симфонијата бр. 9 од Шостакович.

За Фросина Богданоска да се изведува Прокофјев е предизвик во секоја смисла на зборот. За нејзиниот избор да настапи со Оркестарот на Филхармонијата како солист токму со ова дело, вели: „Без разлика за кое негово дело станува збор, дали е солистичко, симфонија или балет од овој руски композитор, тоа секогаш изобилува со низа предизвици, меѓу кои се и прецизната техника, колоритноста, карактерот, смислата за мелодиски развој... Мојот личен предизвик, всушност, е да ги пренесам сите негови расположенија – хуморот, сарказмот, романтиката...“

За тоа каков е нејзиниот пат во изборот на делата што ги изведува и што е пресудно во одлуката, за нејзината љубопитност за тоа како една творба се развивала при нејзиното создавање, историјатот, приказните, филозофските аспекти, Богданоска вели: „Секогаш ми е важен историјатот на едно дело.

Периодот во кој делото е напишано, личните чувства на авторот, што се случувало во тој миг од неговиот живот... Ги почитувам сите запишани назнаки и истражувам да научам колку што е можно повеќе. Но, секогаш се трудам да оставам еден личен белег со тоа што ги изразувам своите интимни чувства, моментот како јас го доживувам и гледам на делото. Сепак, имагинацијата на изведувачот е многу важен дел од еден перформанс“.

Богданоска ја гради кариерата надвор од земјава и зад себе има многу искуство во однос на соработки со разни ансамбли, камерни и симфониски. Нејзиното образование, исто така, го стекнала овде, но и на меѓународни школи. За нејзиниот настап дома, и тоа како солист со Филхармонијата, вели: „Веќе подолго време живеам и работам во странство и затоа домашната сцена многу ми значи и ја почитувам. Ми претставува огромна чест и задоволство што сум солист со Филхармонијата, не само поради тоа што Оркестарот ми е многу драг, туку едно од најубавите чувства на светот за мене е кога еден добар симфониски оркестар ќе грмне во сиот свој сјај и моќ зад мене. Очекувам да имаме одличен концерт и убава публика, впрочем, како и сите други концерти на Филхармонијата“.

За нејзините референции, авторитети, идоли во музиката што извршиле големо влијание врз нејзината уметничка кариера вели: „Не би рекла дека имам идол. За различни дела, на пример, слушам повеќе снимки од разни изведувачи. Го почитувам многу туѓото мислење, знаење и критика, со чија помош научив многу во однос на стилови и музицирање. Но, најмногу ми значи соработката и критиката од моето семејство, посебно од мојот брат Костадин Богданоски, со кого најчесто се консултирам кога станува збор за важни настани“.

ВИСТИНСКИ БРЕНД

БОРЈАН ЦАНЕВ

„Чест ми е што токму јас го диригирав концертот по повод 75-годишнината на Филхармонијата. Во нејзините последни 20 години го вложив сето мое знаење и искрена љубов“, вели македонскиот диригент **Борјан Цанев**, кој застана зад Оркестарот на Филхармонијата на концертот едноставно насловен „Среќен роденден“ на 21 ноември 2019 година.

Маестро Борјан Цанев во изминатите две децении изврши големо влијание врз работата на Филхармониското оркестар, како диригент на оваа институција, креирајќи мноштво разновидни концертни програми и создавајќи уникатни настани. „Среќен сум дека токму во последните 10-ина години се случи можеби и најголемиот уметнички раст на ансамблот. Благодарение на тимската работа која е одлика сите овие години, Филхармонијата се искачи на врвот во културата во Македонија – стана вистински бренд. Без оглед што веќе не сум дел од колективот, овој храм на уметноста и овие луѓе секогаш ќе останат мој дом и мое семејство, а јас ќе продолжам на секој можен начин да придонесувам во идниот растеж на ансамблот“, истакнува Цанев, кој моментно е професор по диригирање на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Се потсетува на многу настани врзани со работата во Филхармонијата во периодот на неговиот ангажман како диригент во првата национална музичка институција. Го прашавме што би издвоил од работата, од соработките, од дружењата.

„Мигови, концерти, случки, патувања, дружби... еден куп. Тешко би издвоил неколку. Во секој случај, моето најголемо богатство стекнато овие години се луѓето со кои работев на сцената и зад неа, огромниот репертоар поминат со нив и, секако, врвните солисти со кои имав можност да соработувам и да настапувам. Гостувањата со Симфониското оркестар во Нови Сад и во Загреб (второво верувам долго ќе се памети во поновата историја на Оркестарот), со Камерниот оркестар во Франција, Чешка, Полска, САД, Казахстан и уште многу други...“

За неговата визија и желба за понатамошниот пат на Филхармонијата, не само како диригент, туку и како слушател, од другата страна на сцената, вели:
„Најнапред би сакал Оркестарот да продолжи да расте, да остане компактен, да продолжи со тимската работа, бидејќи само на тој начин е возможна хармонија во институцијата. Сигурен сум дека на репертоарен план има многу широк простор за развој и за откривање нови хоризонти. Како слушател, лично би сакал да слушам премиерни дела од доцниот 20 век и дела од 21 век. Како диригент, сакам да изведувам дела што ги немам изведувано досега со нашиот оркестар. И, секако, да продолжам со мојата мисија да изведувам дела од македонски композитори, особено премиерни“.

Би сакал оркестарот да продолжи да расте, да остане компактен, да продолжи со тимската работа, бидејќи само на тој начин е возможна хармонија во институцијата

МУЗИЧАР
КОЈ РАЗМИСЛУВА

ЧЕТВРТОК 27.02.2020 **ПРОГРАМА**

Ф. Шопен: Концерт за пијано и оркестар бр.2, оп. 21
Р. Шуман: Симфонија бр. 2, оп.61

ДАВИД ФРЕ

Критиката за него пишува дека е „совршен пример за музичар кој размислува". Францускиот пијанист **Давид Фре** е познат и по инспиративните изведби на музиката на Бах и Булез. Постојано е активен на светската музичка сцена како солист, рецитален и камерен пијанист. Соработувал со водечки светски оркестри и диригенти како што се Марин Олсоп, Семјуел Бучков, Андреј Борејко, Даниел Гати, Пааво Јарви, Рикардо Мути, Еса-Пека Салонен...

Давид Фре е препознатлив и уникатен пијанист, а пред македонската публика ќе го изведе романтичниот Концерт за пијано и оркестар број 2 од Фредерик Шопен...

Омилени класични музички дела:
– Кантатите и пасиите од J. C. Бах.
Снимки од класична музика што ги сакате:
– Снимките на Вилхелм Кемпф, Вилхлем Фуртванглер и Карлос Клајбер.
Омилени некласични музичари/или снимки:
– Француската пејачка Барбара и Френк Синатра.
Музика која Ве тера да плачете (кој било жанр):
– Добра музика отсвирена лошо.
Дефинитивно потценето дело или композитор:
– Ернст Кренек.
Преценето дело, музика или композитор:
– Руската музика.
Концерт на кој сте присуствувале (кој било жанр) што нема никогаш да го заборавите:
– Концертите на Раду Лупу, Маурицио Полини, Рикардо Мути...

Некои нови филмови што Ви се допаднале:
– „Белата панделка" на Михаел Ханеке...
Филмови кои се класика според Вас:
– „Бери Линдон" на Кјубрик и „Амаркорд" на Фелини.
Книги кои Ви се важни:
– „Мисли" од Паскал.
Работи со кои се гордеете...
– Нема такви...
Работи од кои се срамите...
– Има многу...
Три работи без кои не можете да живеете:
– Музика, уметност, љубов.
Кога сакам да побегнам од сè... (довршете ја реченицата)
– ...останувам дома со мојата сопруга и двете кучиња.
Луѓето се изненадени кога ќе дознаат дека не сум...
– Фан на Глен Гулд.
Мои омилени градови се:
– Париз, Кортона, Венеција...
Тајно сум вљубен во...
– Чоколадо.
Тајни задоволства за кои имам грижа на совеста...
– Трошам многу пари на подароци.
Многу сакам да ги запознаам:
– Мерил Стрип, Вуди Ален, Лусијен Фројд.
Не можам да сфатам зошто...
– Луѓето се толку лоши.

Звездан Георгиевски за Филхармонија:

Целиот мој професионален живот го потрошив во обид да се промовираат вистинските културни вредности, она што според мое мислење сериозно недостасува не само во нашата држава, туку и во поширокиот регион. Во таа смисла, малку е да се каже дека сум воодушевен како истата таа мисија ја извршува Филхармонијата, и тоа со години наназад. Особено тука ќе ги потенцирам отворените популарни концерти, со кои Филхармонијата не само што ги приближува вистинските вредности до младите луѓе туку го прави тоа и со децата од најмала возраст. Она што е важно е дека освен популарните концерти, таа успева да го одржи и оној т.н. сериозен репертоар, и тоа со мошне висок квалитет, така што ги задоволува и вкусовите на префинетите љубители на музиката. Во секој случај, сигурен сум дека и натаму ќе уживам во нивните (нашите) концерти.

ИЗРАЕЛСКАТА ПРИКАЗНА

„Патувањето ве остава без зборови, а потоа ве претвора во раскажувач...“

Филхармоничарите се вратија од Израел со прекрасни впечатоци од оваа библиска земја по својата прва турнеја што ја имаа во октомври. Со себе ги донесоа мирисите на зачините од пазарот во Тел Авив, ситниот песок на плажата во Нетанија, чудесниот феномен на Мртво Море и неверојатната духовност на Ерусалим и неговиот судир на култури и религии. Најголема сатисфакција, сепак, беа громогласните аплаузи со кои публиката го наградуваше оркестарот на трите концерти во Ерусалим, Од Хашарон и Ришон Ле Ционом.

Филхармонијата свиреше водена од маестро Јерухам Шаровски, а солист беше младата израелска виолончелистка Даниеле Акта. Оркестарот се претстави со програма која претставуваше спој на нашата традиција, инструменталната умешност и светски препознатливите бисери на класиката. Публиката имаше можност да ги чуе делата на Смокварски, Елгар, Дворжак и Чајковски. Специфичните македонски ритми и мелодии присутни во „Пијан танец – Пајдушка“ од Сони Петровски беа награда за публиката, кога оркестарот беше повикуван на бис. Концертите ги проследија голем број поканети гости, делегацијата од Министерството за култура предводена од министерот за култура, Хусни Исмаили, како и потомци на македонските Евреи кои живеат во Израел. Овие концерти, всушност, претставуваат почеток на нова културна соработка меѓу двете земји.

Музичарите од оркестарот беа понесени од атмосферата на концертите што започнуваа со интонирање на израелската и на македонската химна. Звуците на обоата во почетокот на „Тешкото“ од Смокварски, како имитација на македонската зурла, проследени со татнежот на тапанот, го означуваа почетокот на секој концерт. Преку своевиден омаж на македонската традиција, вткаена низ оркестарското творештво, во комбинација со младоста и убавината на Даниеле Акта и нејзината виртуозна интерпратација на Концертот за виолончело и оркестар од Едвар Елгар, Филхармонијата ги заокружи концертите со безвременската Симфонија бр. 9 „Од новиот свет“ на Антонин Дворжак. Главните заеднички одлики беа неверојатната сплотеност на оркестарот во енергична и полетна изведба која предизвикуваше стоечки овации.

АРХЕТИПСКА
ШКОТСКА УВЕРТИРА

ЗЕМЈА НА ПЛАНИНА & И ПОПЛАВА

Увертирата „Земја на планина и поплава“ (1887) премиерно ќе биде изведена на македонската сцена, а нејзиниот автор, шкотскиот композитор Хамиш Меккан (1868-1916) најголемата популарност всушност, ја стекнал токму со ова дело. Во 1970-тите, увертирата беше искористена во шкотската тв-серија „Законот на Сатерленд“ која ја продуцираше „Би-Би-Си“ и на некој начин, неговото име повторно почна да се слуша во јавноста.

Музиката на Меккан е романтичарска и во неа се чувствува силно влијание од она што го креираа неговите претходници како Дворжак, Менделсон, Григ, па и Вагнер. Иако, не се исклучуваат шкотските фолклорни влијанија и шкотската литература која несомнено е дел од неговиот целокупен уметнички хабитус. Тоа особено се чувствува во творбите кои ги создал пред крајот на животот во кои поексплицитно се откриваат неговите келтски корени. „Земја на планина и поплава“ честопати е опишувана како архетипска шкотска увертира и е компарирана со делата на Сер Волтер Скот во нејзиниот лирски, романтичен поглед на шкотските предели. Писателот Бернард Шо ќе запише: „Увертирата поседува шармантна привлечност која ве носи над ридовите и уште подалеку...“

Делото повторно блесна и во 1968 година кога „ЕМИ“ го вклучи на ЛП-то „Музика од четири држави“ во изведба на Шкотскиот национален оркестар. Ја слушаме „Земја на планина и поплава“ на 30 јануари на концертот „Виолински класици“ под диригентство на маестро Румон Гамба од Велика Британија.

Катица Ќулавкова за Филхармонија:

Филхармонијата, всушност, Македонската филхармонија денес е водечка институција без којашто е незамислив културниот живот во Скопје и во Македонија. Нејзината богата, квалитетна и редовна годишна програма на концертни настани го прави препознатливиот профил на оваа културно-уметничка институција. Таа ѝ овозможува на македонската музичка публика да ги следи изворно референтните дела, автори и изведувачи од класичната и од современата музичка продукција, но и да го покаже капацитетот на македонските композитори, изведувачи и диригенти било да се во составот на ансамблот на Македонската филхармонија или да се поканети во својство на гости. Македонската филхармонија е бренд, културна навика и потреба, уметничко задоволство.

UPCOMING EVENTS

05.12.2019

THE MYSTIC NINE

Conductor:
Conrad van Alphen (Netherlands)
Soloist: Frosina Bogdanoska-violin

PROGRAMME:
S. Prokofiev: Concerto for violin and orchestra no. 1, op.19
D. Shostakovich: Symphony no. 9, op.70

23.01.2020

STELLAR MUSIC

Conductor:
Timothy Redmond (Great Britain)
Soloist: Peter Moore-trombone (Great Britain)

PROGRAMME:
Jonathan Dove: Stargazer concerto for trombone and orchestra*
R. Wagner/arr. Henk de Vlieger: "Ring" an orchestral adventure*

*Premiere performance in North Macedonia

30.01.2020

A VIOLIN CLASSIC

Conductor: Rumon Gamba (Great Britain)
Soloist: Alexandre Dimchevski - violin ((France/N.Macedonia)

PROGRAMME:
H. McCunn: Ouverture Mountanin and Flood*
M. Bruch: Concerto for violin and orchestra
A. Dvorak: Symphony no. 7, op.70

* Premiere performance in North Macedonia

12.12.2019

WITH LOVE FOR CLARA

Conductor: Emil Tabakov (Bulgaria)
Soloist: Barry Douglas-piano (Ireland)

PROGRAMME:
R. Schumann:
Concerto for piano and orchestra op.54

27.12.2019

NEW YEAR'S GALA CONCERT

LISTEN, THE NEW YEAR IS COMING!

Conductor: Borjan Canev
Soloists: Janoska Ensemble (Austria)

14.02.2020

CELEBRATING LOVE

20.02.2020

FAIRYTALE

Conductor:
Charles Olivieri-Munroe (Malta)
Soloist: Esther Yoo-violin (USA)

PROGRAMME:
B. Smetana: Wallenstein's camp symphonic poem*
A. Glazunov: Concerto for violin and orchestra, op.82
J. Suk: "Fairytale" symphonic suite*

* Premiere performance in North Macedonia

27.02.2020

FRAY'S GOLDEN HANDS

Conductor:
Conrad van Alphen (Netherlands)
Soloist: David Fray -piano (France)

PROGRAMME:
F. Chopin: Concerto for piano and orchestra no. 2, op. 21
R. Schumann: Symphony no. 2, op. 61

ISSN 2671-3284
9 772671 328004

БРОЈ 2 | **ДЕКЕМВРИ 2019**/ФЕВРУАРИ **2020**

Продукција на Филхармонија
Автори на текстови:
Ангелина Димоска - музиколог
Тина Иванова - музиколог
Лектор: **Софија Чолаковска - Поповска**

www.filharmonija.mk
e-mail: contact@filharmonija.org.mk
Тел: +389(0) 2 3118 450
Билетарница: +389 (0) 2 3238 182;
+389 (0) 71 393 282;
bileti@filharmonija.org.mk

Тираж – 1000
Печати: „Феникс принт"ДООЕЛ - Кочани